

Дејан **САВОВСКИ**

# ЕВРОПСКОТО ОБЕДИНУВАЊЕ - НАЈГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК

Доколку зад европското обединување отсекогаш стоел непресушниот извор на цивилизациските вредности, тогаш несомнено се потребни вистински разбирања за актуелните европски интеграциони процеси.

Историјата на Европа, од една страна е приказна сама за себе, тоа е историја на државите, историја на поделбите и разликите и историја на војните, но од друга страна и историја на развојот на идејата за европската цивилизација. Во тој процес многу значајно е да се согледаат и да се анализираат околностите, условите, целите и мотивите. Ерата на интеграција почнала по завршувањето на Втората светска војна, кога идејата за европско обединување прераснала во вистинско европско движење.

Но, процесот на европското интегрирање самиот по себе претставува феномен, како по специфичноста, така и по карактерот на своето здружување во светот, и нема своевиден пандан во меѓународната практика. Дека тоа е така покажува и процесот на создавање и растеж, кој низ еден временски период трае повеќе од половина век. Секако ваквата развлеченост и бавност е условена од постоењето на проблемот на усогласување на различните народи, меѓусебните антагонизми и вековните конфликти од минатото и сл.

Околу моделот на уредувањето на нова Европа отсекогаш постоеле различни концепции, почнувајќи од идејата на Черчил за обединети држави на Европа по урнекот на САД; на Де Гол за европска татковина, модел кој сосема е спротивен на британскиот; на Јошка Фишер, кој се залагал за моделот Европска федерација на национални држави, каде што се нагласува потребата од постоење на национални држави во рамките на Европската федерација, како и заложбите на Делор, Ширак и Проди. Сите овие концепции на реформски зафати за иднината на Европа имаат една заедничка карактеристика, а е поврзана со демократијата и со функционалната ефикасност. Со потпишувањето на договорите од Рим и од Париз, земјите потписнички првенствено се фокусираат на економските аспекти, односно на создавање на заедничкиот пазар, иако актуелни биле проблемите на полето на меѓународната политика.

И реално гледано во целина, од сите области најтешко се одвива процесот на политичко обединување кое. пред сè, е заради различните политички погледи на земјите-членки на Унијата.

**ВО НАШАТА ЕПОХА ТРКАЛОТО НА ИСТОРИЈАТА СЕ ДВИЖИ СО НЕВЕРОЈАТНА БРЗИНА, ЗАТОА И МОРАМЕ ДА ПОГЛЕДНЕМЕ КОН ИСТОКОТ КОГА МИСЛИМЕ НА ЕВРОПА. ТАА МОРА ДА БИДЕ ГОЛЕМА, ДА ПОСЕДУВА СИЛА И ВЛИЈАНИЕ ЗА ДА МОЖЕ СО СВОИТЕ ИНТЕРЕСИ ПОЗИТИВНО ДА ВЛИЈАЕ НА СВЕТСКАТА ПОЛИТИКА**



**КОНРАД АДЕНАУЕР**

Во последниот текст дадов свое видување на случувањата по Самитот одржан во Ница, кој поаѓа од определбата за проширување и за продлабочување на ЕУ, особено со земјите од поранешниот социјалистички блок, со што би се заокружил процесот на обединување и добивање на една нова безбедносно-политичка димензија на Европа, која ќе биде гарант за демократијата во светот. Со други зборови, на претходниот Самит во Мастрихт биле создадени основните претпоставки за преземање на порадикален чекор за подигнување на нивото на интеграција. На тој начин се подотвори железната завеса и се создадоа услови за меѓусебна соработка меѓу двата блока на стариот континент.

Во контекст на ова интересен е фактот за состојбите по падот на Берлинскиот ѕид, каде некогашниот извор на презир или благ страв, Истокот, стана нова "Мека" за разни видови европски невладини организации, кои учествуваа во деконструкцијата на социјалистичкиот систем. Од денешен аспект може да се заклучи дека и покрај проблемите кои го следеа процесот на пристап на земјите од Централна и од Источна Европа кон ЕУ, проширувањето придонесе за разрешување, намалување или за превенирање на кризите во односите меѓу државите од регионот.

Романија имаше проблем со унгарското малцинство, за Словачка еден од главните проблеми беше независноста на судството, а истите проблеми ги имаа Полска,Чешка и Естонија. Но, како што веќе напомнав, со ова беше поставена новата суштествена безбедносна димензија. За таа цел, на Самитот во Лисабон, одржан во 1995 година, бил усвоен документ, кој ги подвлекува безбедносните предизвици за Европа, кои се простираат од нестабилноста на Русија и регионот околу неа, басенот на Медитеранот, па сè до ризиците од пролиферација на оружјето за масовно уништување, меѓународниот тероризам, како и неконтролираната миграција.

Случувањата од тогаш па до денес оставија многу отворени и нерешени прашања. Од успешноста со која тие ќе се решаваат ќе зависи иднината на Унијата. Патот на европските интеграции е и ќе остане и во XXI век пат кој може да биде совладан во многу одделни чекори, некои покуси, некои подолги. Пат по кој чекориме и ние Македонците, затоа што друг немаме.